Врз основа на член 72 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25) и член 5-а став (1) точка 1) алинеја 33 од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија бр.01-391/2 од 26 август 2011 година, бр.01-374/6 од 19 март 2019 година и бр.01-209/1 од 30 јануари 2023 година, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 април 2026 година донесе:

# О Д Л У К А
## за донесување на Годишен извештај за работењето на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија во 2025 година

**Член 1**

Се донесува Годишен извештај за работењето на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија во 2025 година.

**Член 2**

Годишниот извештај од член 1 на оваа одлука да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Годишниот извештај од член 1 на оваа одлука да се достави до Владата на Република Северна Македонија и до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, заради нивно информирање.

**Член 4**

Се задолжуваат стручните служби Годишниот извештај од член 1 на оваа одлука, да го објават на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а во рок од 30 дена од објавувањето да го доставаат до Регулаторниот одбор на Енергетската заедница и Секретаријатот на Енергетската заедница.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**Бр. 02-650/1**
**24 април 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**
**Ацо Ристов**